# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА З.П. "КИСЕЛА ВОДА" - СКОПЈЕ ВО 2016 ГОД.

ЗП "Кисела Вода" - Скопје имаше планирано свои задачи и цели кои преку активности на своите работни тела и органи преку цела 2016 год. и обврска да ги спроведе.

Планираните задачи во текот на 2016 год. се исполнети во целост, за што не беше лесно ако ги имаме во предвид условите во кои се живее во текот на 2016 год. Здружението имаше неповолни влијанија кои се разбрануваа во нашата држава која падна во така наречена политичка криза, па сакале или не сето тоа се рефлектираше на нашето работење.

Здружението согласно статутот е неполитично, не владино па како такво успеа да стои настрана и успеа во целост да ги спроведе програмските цели и задачи во зависност од проблемите и потребите.

Активностите на ЗП "Кисела Вода" - Скопје се остварува преку Ограноците, Органите и телата, комисиите, И.О. и Собрание кои со свои состаноци и активности пренесени во извештаи се решаваат сите задачи.

**АКТИВНОСТИ НА СОБРАНИЕТО ВО 2016 Г**

Согласно статутот Собранието има свои активности кои ги решава и спроведува преку седници. На овие седници под раководство на Претседателот на Собранието се разгледуваат работите кои се под надлежност на Собранието и се донесуваат важни одлуки кои се битни за работата на здружението и тоа:

- Решавање и одлучување на прашања сврзани со програмата за работа за 2016;
- Материјално финансиски прашања, а се поврзани за потребите на Здружението, а се реализираат во склоп на финансискиот план;
- Решавање на прашањето со завршна сметка, со пописот на имот на здружението и постапување по извештајот на надзорниот одбор;
- По потреба прилагодување на статутарни одредби за потребите на З.П.

Собранието како највисок орган во текот на 2016 год. беше запознавано за работата и активноста на Сојузите од причина што сите ние сме тесно поврзани во работата. Собранието одржа три седници во 2016 год.

**АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШЕН ОДБОР ВО 2016 Г**

Во текот на 2015 год. Здружението изработи и усвои програма за работа во која беа забележани задачи и цели на Здружението за 2016 год., ваквата програма беше усвоена и од Собранието. Програмата беше во целост реализирана, но имаше и активности кои не беа предвидени но сепак беа реализирани а со тоа се направи префрлање на средства за непредвидените инвестиции. Во текот на месец ноември 2016 год. се изработи ребаланс со кои се распоредија средствата по ставки како беа реализирани. Активностите на Здружението се оствариja преку Ограноците и клубовите, комисиите кои донесуваат свои извештаи, а И.О. преку свои Одлуки ја задолжува стручната служба за реализација. Посебно внимание посветуваше на работата на ограноците за подобри услови за нивно функционирање, со интервенирање клубовите да се места за достоинствено дружење. Во текот на годината се изработени, изгласани и донесени акти од својата надлежност и дадени предлози на Собранието на ЗП Кисела Вода како што се:

- Завршна сметка за претходна година
- Програма за работа на Здружението 2016 год.
- Утврдување Финансиски план на приходи и расходи за 2017 год.

Извршниот одбор активностите ги насочи не само во подготовка на седниците на Собранието туку и за донесување и спроведување на програмските задачи. посебна грижа се водеше за домаќинско работење за рационално трошење на планираните средства, за создавање подобри услови за работа на ограноците и поттикнување на нивната активност. На седницата на ИО членовите со своите дискусии, предлози, сугестии придонесоа седниците да

се движат во насока на конструктивност и транспарентност. Извршниот одбор во извештајниот период одржа 12 седници, на кои беа разгледани одредби, а тоа се:

1. Извештај на централна комисија за попис;
2. Одлука за учество на регионални и републички фолклорни игри;
3. Одлука за одржување локални, регионални и републички спортски игри и одобрување средства за истите;
4. Одлука за користење автобуси за еднодневни излети;
5. Одлука за еднократна парична помош и услови за користење одмор во Рекреативниот центар Катланово.
6. Разгледување завршна сметка за 2016 год.
7. Извештај за работење на Собранието, ИО и нивните комисии за 2016 год.
8. Донесување одлуки за одобрување финансиски средства за угостителски услуги за завршна сметка;
9. Извештај на комисија за набавки и реконструкција;
10. Одлука по барање на огранок "Кисела Вода" за проширување на клубот и 11. Одлука за бројчано изедначување по ограноците.
12. Информација за одржани спортски и фолклорни игри;
13. Одлука по барање на ограноци за надомест на членови на одбори по ограноци;
14. Информација по одлуката на СЗПМ за критериуми за материјално финансиско работење на Здруженија на СЗПМ;
15. Одлуки за искористени средства за угостителски услуги за спортски и фолклорни манифестации, автобуски карти за млади пензионери, и надоместок за кореограф и музичари.
16. Извештаи за фолклорни манифестации.
17. Извештаи за спортски натпревари.
18. Извештај од комисија за социјални прашања.
19. Информација за мерење на шеќер во крвта и мерење на притисок.
20. Учество за шаховски турнир 13-ти Ноември 2016год и одобрување средства.
21. Одлука за учество на пензионери на шаховски турнир во организација на ЗП Чаир - Скопје.

**СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И ДРУЖЕЊЕ**

ЗП "Кисела Вода" - Скопје во текот на 2016год. активно учество во остварување, односно реализација на сите спортски активности кои беа предвидени со програмата за 2016 год. Спортските игри во 2016 год. се одржаа помеѓу ограноците на ден 14.05.2016 год. На овие спортски игри беа застапени следниве дисциплини: трчање, теглење јаже, фрлање ѓуле, скок од место, шутирање на пенали, фрлање кош. Во овој момент треба да напомнеме дека ваквиот систем на припреми и натпревари во изминативе пет години не носи добри резултати на регионалните игри па се размислува за друг систем на припреми и натпревари во 2017 год. Во текот на 2016 год. пензионерите на нашето Здружение се натпреваруваа и во дисциплините: стрелаштво, шах, пикадо, домино и табла. Натпреварите се одвиваа согласно правилниците но и за овие дисциплини важи истото како и во другите дисциплини. Воедно нашето Здружение учествуваше и на Републичките 21-ви спортски натпревари кои се одржаа во септември во Радовиш.

ЗП "Кисела Вода" - Скопје, како секоја година и оваа година ќе учествува на традиционалниот турнир натпревар во шах по повод 13-ти Ноември денот на ослободување на Скопје. Екскурзиите посета на поизразени, позначајни, историски, географски и културни знаменитости низ Македонија,спортските натпревари, рекреацијата се најмасовни сегменти на дејствување на ЗП "Кисела Вода". Имајќи ги во предвид постигнатите резултати во иднина ограноците треба да откриваат и активираат поактивни пензионери, спортисти како би постигнале подобри резултати.

**КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ЖИВОТ И ОДМОР**

Во областа на културно-уметничките дејности во 2016 год. Здружението на пензионери "Кисела Вода" - Скопје, ги оствари односно реализира сите активности предвидени од

програмата за работа. Голем број на играорци, пејачи, рецитатори и музичари ни приредија повеќе културно уметнички настани, кои го афирмираа нашето Здружение. На 10.05.2016 год. во Домот на АРМ Скопје, се одржаа 14-та регионална ревија на песни, музика и игри на кои учество зеде и нашето Здружение со пригодна фолклорна ревија под името "Македонско девојче" со траење од 12 мин.

Програмата наречена "Македонско девојче" беше пропратена со македонски форми и белези кои беа преплетени во приказот на кореографијата а преставени на сцена. На овој настап бевме застапени со 34 играорци, музичари и пејачи.

Во текот на 2016 год. во однос на агитирањето дека фолклорот треба да биде масовен оти тоа е основната цел и што е исправно. Но од друга страна нашето здружение за ваков настап беше изложено на трошкови кои нормално ги бара масовноста. На сите досегашни ревии некои Здруженија на сцена се појавуваат со хорски настапи кои имаат свои трошкови, но несе како нашите. Во овој извештај редно е да кажеме дека ги слушавме барањата на комисијата не ги имаше во предвид квалитет, а наградата одеше на други здруженија па се прашувавме зошто? Во иднина ќе настапуваме во рамките на нашите можности во однос на бројката на играорци и финансии.

**ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ПОМОШ**

Годинава мина во знакот на заложбите на Сојузот на здруженијата за остварување на што поголеми резултатни успеси во сите активности меѓу кои и во хуманитарни акции, бидејќи 2016 год. беше прогласена за **Година на солидарноста**.

За таа цел ЗП "Кисела Вода" Скопје со програмата беше обезбедено по сите ограноци проверка на шеќер во крвта И мерење на крвниот притисок. Ваквите акции успешно се спроведени.

**СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА**

Во текот на 2016 год. соработката со другите здруженија во областа на културно забавниот живот, спортот и во други активности не изостана. Соработката е израз на ширење познанство и дружење за меѓусебно информирање за проблемите на пензионерите и нивно решавање. Ваквата соработка се покажа многу корисна.

Соработката со СЗПМ и СЗП на град Скопје се остварува преку нашите делегати во овие сојузи. На завидно ниво е соработката со СЗПМ, од нив се добиваат материјали - записници од одржаните седници на овој сојуз со кои сме известувани за сите преземени активности и кои ќе се преземат.

**СОРАБОТКА НА ЗП "КИСЕЛА ВОДА" СО ОПШТИНИТЕ**

Со оглед дека како Здружение на пензионери делуваме во четири општини: Кисела Вода, Сопиште, Зелениково и Студеничани неизбежна е соработка со локална самоуправа за решавање на проблемите на пензионерите, односно создавање на услови за работа на ограноците. Покрај тоа што велиме дека соработката е неизбежна сепак во досегашното наше ангажирање не сме сосема задоволни од соработката со сите општини во кои делуваме.

**ИНФОРМИРАЊЕ, ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТ ВО РАБОТАТА**

Информирањето на нашите пензионери е од битно значење. Навременото и точно информирање, дава позитивен правец на размислување на пензионерите и пошироко. Како здружение правиме напори да ги информираме нашите членови за сите наши активности што се ниво на Собрание, на ИО и пошироко.

Претседател на С.О ЗП "Кисела Вода"
Јован Кирковиќ